Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 24.01.2024

На 23.01.2024 околу 20.00 часот во близина на с.Мрзенци, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода М.К.(21) од Скопје поради сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти“ по член 418 од Кривичниот законик. Претходно, кај с.Негорци, гевгелиско, полициски службеници дале знак за запирање на патничко возило „фолксваген пасат“ , кое М.К. го управувал, но тој продолжил со движење и во близина на Негорци го запрел возилото и се обидел да побегне, по што бил фатен и лишен од слобода. При преглед во возилото биле пронајдени седум лица мигранти, од кои четири од Сирија, еден од Непал, еден од Египет и еден од Палестина. Лицето било задржано во полициска станица, а мигрантите биле пренесени во Прифатно-транзитен центар во Гевгелија. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител , против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.01.2024 во 17.10 часот на подрачје на Центар во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода С..З.(29) од с.Мирковци, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.01.2024 во 12.00 часот на улицата „Коста Абраш“ во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле К.А.(61) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (23.01.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 176 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 103 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 73 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (23.01.2024) продолжи со акциските контроли во областа на сообраќајот. Само на територијата на град Скопје изречени се вкупно 158 мерки, меѓу кои 42 за непочитување на брзината на движење, 14 за возење без возачка дозвола, 8 мерки за поминување на црвено светло на затворен семафор, четири мерки за некористење на сигурносен појас.

На 23.01.2024 во 15.30 часот во Полициското одделение Сарај, А.С.(42) од с.Грчец, скопско, пријавил дека во с.Грчец, скопско, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.
На 23.01.2024 во 19.55 часот во Полициската станица Драчево, Г.М.(60) од Скопје пријавил дека на ул.„Ромен Ролан“ бил каснат од куче скитник.

На 23.01.2024 во 23.50 часот, Ф.Ј.(57) од кичевското село Зајас во полициска станица пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал - Сектор за криминалистички истраги - Единица за недозволена трговија со дрога, до Основно јавно обвинителство Куманово, поднесе кривична пријава против И.М.(48) од Куманово поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори”. По преземени мерки и активности, на 22.01.2024 во Куманово бил извршен преглед во возило во кое се наоѓал И.М., при што кај него бил пронајден и одземен хероин. Лицето било лишено од слобода и по извршено вештачење против него е поднесена пријавата.

Денеска (24.01.2024) во 00.45 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода А.Ш.(42) од Скопје затоа што во објектот го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување, по што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.01.2024 од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за престигнување, во која биле откриени и санкционирани вкупно 34 прекршоци (ТЕ-19 и ГВ-15). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на непрописно престигнување во колона и на забранети места. На возачите-прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци со парични глоби кои се движат од 45 до 300 евра во денарска протиривредност. При контролата, исто така, биле санкционирани и 4 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-2).

На 23.01.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 13 прекршоци од кои, 7 надвор од населено место и 6 во населено место.

Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци.

На 23.01.2024 во 13.00 часот на патот од с.Катланово кон с.Зелениково, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Ј.К.(23) од Неготино затоа што попречувал полициски службеници во вршење службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.01.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје, С.С.(35) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 11.10 часот на работното место како обезбедување во објект на служба за водење на матични книги во Скопје бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.01.2024 во 20.45 часот во СВР Скопје, С.А.(32) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко Ј.А.(59) од Скопје. Според пријавеното, на 19.01.2024 тој им рекол дека ќе оди во Република Албанија и од тогаш не можеле да стапат во контакт со него. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Денеска (24.01.2024) во полициска станица, во присуство на родител, претставник на центарот за социјални работи и адвокат, бил извршен службен разговор со малолетник од Скопје. Тој се сомничи дека на 23.01.2024 околу 17.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, со употреба на пиротехнички средства, предизвикал пожар во куќа сопственост на Б.Т.(70) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.01.2024 во 12.30 часот во СВР Скопје, С.М.(20) од Скопје пријавила дека околу 09.15 часот на ул.„Архимедова“ во Скопје, едно лице насилно и го одзело мобилниот телефон и ја турнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.01.2024 во Полициската станица Чаир, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Б.П.(17), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Е.К.(31) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност“. На 08.01.2024 во семејниот дом во Крива Паланка, пријавениот од небрежност предизвикал пожар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Б.И.(69) од село Пирковци, кратовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност“. На 05.01.2024 во село Пирковци, пријавениот го пуштил своето куче без надзор и маска, кое подоцна ја нападнало и каснало Ј.А.(59) од истото село.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Н.Ј.(23) од Македонска Каменица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори“. На 15.04.2023 во Македонска Каменица, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ф.Р. (61) и Н.Е. (60), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење“. Во текот на 2023, пријавените, во својство на инвеститори, во Струга, спротивно на основниот проект, изградиле доградба на објект за деловни потреби.

На 23.01.2024 во 04.00 часот во Полициската станица Гази Баба, од СОС Детско Село, било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Л.З.(17), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Уна